Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 111/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и (Сл. Весник на РСМ бр. 89/22 и 171/22), Министерство за транспорт, на ден 09.08.2024 година, донесе

Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена

**1.** За планскиот документ **Измена и дополна на Урбанистички проект за градби од стратешки интерес за изградба на патен Коридор 8, Делница на автопат: Тетово – Гостивар, Општина Тетово, Општина Боговиње, Општина Брвеница, Општина Врапчиште, Општина Гостивар (км 35+641 – км53+127) (измена бр.2),** кој се носи согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20 и 111/23), не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.

**2.** Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Министерство за транспорт, www.mtc.gov.mk

**3.** Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Измена и дополна на Урбанистички проект за градби од стратешки интерес за изградба на патен Коридор 8, Делница на автопат: Тетово – Гостивар, Општина Тетово, Општина Боговиње, Општина Брвеница, Општина Врапчиште, Општина Гостивар (км 35+641 – км53+127) (измена бр.2), нема да има негативно влијание врз животната средина од следните причини: Патниот правец како градба од стратешки интерес има посебно сообраќајно и стопанско значење во патната мрежа на Република Северна Македонија поврзувајќи ја Источна со Западна Македонија, но тој во исто време е и пат со меѓународно значење поврзувајќи се со патиштата надвор од границите на државата. Со поповолни технички и техничко експлоатациони карактеристики патниот правец во иднина ќе овозможи брз, економичен, удобен и

безбеден сообраќај и ќе одговара на потребите на сообраќајната подобност и капацитет. Почетокот на трасата е планирана пред постојната наплатна станица кај Тетово, а крајот би бил пред постојната наплатна станица во Гостивар и во основа ја следи постојната траса на патниот правец од Тетово кон Гостивар, со што нема да се предизвика значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето. Вкупната должина на делницата е околу 17,5 км.

**4.** Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Државна Комисија за одлучување на управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 67-234/22
Датум: 09.08.2024
Место: Скопје

Министер
Александар Николоски